949.717.08

Михајло МИНОСКИ

# ДЕЈНОСТА НА ДИМИТАР ВЛАХОВ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НАДВОРЕШНИ ВРСКИ НА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО ОСЛОБОДИТЕЛНО И РЕВОЛУЦИОНЕРНО ДВИЖЕЊЕ (1924—1934)

Во првите години непосредно по Првата светска војна Димитар Влахов не се експонирал во македонското националноослободитлно движење што во тоа време било зафатено од сериозна внатрешна криза. Санкционирањето на поделбата на Македонија на Париската мировна конференција[1] имало силно влијание на внатрешното единство. Забрзано се одвивал процесот на поларизацијата врз идејна основа. И во двете крила се издиференцирале различни тенденции. Во левото революционерно крило дошло до потполн расцеп есента 1919 година[2], кога македонските комунисти со Димо Хаџи Димов, на барање од БКП (т.с.), се повлекле од Привременото претседателство на поранешната ВМРО[3] и формирале македонски Емигрантски комунистички сојуз. И во редовите на македонската десница се зголемувале противречностите, што довело, нешто подоцна, до

[1] Париската мировна конференција започнала со работа на 18 јануари 1919 година. На 28 јуни бил склучен мировниот договор со Германија во Версај, а на 27 ноември мировниот договор со Бугарија во Неј. Со последниот договор била санкционирана поделбата на Македонија меѓу балканските монархии.

[2] На советувањето одржано во Софија од 16 до 18 октомври 1919 година. За тоа види: Љубен Лапе, Идејните основи на Привременото претставништво на бившата обединета Внатрешна македонска револуционерна организација и неговата активност на Париската мировна конференција. — Историја, Скопје 1973/IX, бр. 2, стр. 26—87; д-р Иван Катарџиев, Време на зреење, I, Скопје 1977, стр. 502; Димитар Влахов, Мемоари, Скопје 1970, стр. 204.

[3] За активноста и акциите на Привременото претставништво види: Љ. Лапе, Идејните основи на Привременото претставништво. . ., стр. 26—87; д-р Михајло Миноски, Федеративната идеја во македонската политичка мисла (1887—1919), Скопје 198, стр. 257—277; д-р Владимир Картов, Македонскиот народ и правото на самоопределување, Скопје 1987, стр. 180—203.

расцеп и до формирање Македонска емигрантска федералистичка организација.[4]

Наспроти нееединството на водечките национални сили постоела општа определба на масата на македонскиот народ и на поголемиот дел од македонската емиграција за национално самоопределување и македонска државност.[5] Тоа дошло до полн израз на бројните народни собири во времето на одржување на Мировната конференција на кои биле истакнувани барања за признавање и на македонскиот народ право на самоопределување и за создавање независна македонска држава која, како таква, ќе стане рамноправен член на една балканска, јужнословенска или југословенска конфедерација или федерација.[6]

За тоа морале да водат сметка сите струи во македонското националноослободително движење, вклучувајќи го и десното реакционерно крило поврзано со бугарската буржоазија и дворецот. Неговите водачи оцениле дека во новите услови понатаму не можело да се опстои на дотогашната платформа: ослободување, обединување и присоединување на обединета Македонија кон бугарската држава. Бидејќи тоа било во директна спротивност со стремежите и барањата на македонскиот народ повеќе не можело да се смета на поддршка ни кај најголемиот дел од македонската емиграција во Бугарија. Од друга страна, бугарската големодржавна политика, на која ѝ служеле тие на штета на интересите на својот народ, доживеала целосен пораз. Затоа морала да се менува дотогашната стратегија и тактика. Со цел да се обезбеди прифатлива основа за претставување пред македонската емиграција, но и пред надворешните фактори, како репрезент на борбата на македонскиот народ, била истакната старата парола за автономија на Македонија и земено името ВМРО. Со тоа се инсистирало на континуитет во дејствување со борбата на Револуционерната организација од времето на Илинден.

Во 1922 година ЦК на ВМРО издал декларација во која се прокламирало: борба за автономна Македонија, самостојна политика, немешање во внатрешните работи на бугарската држава, како и тоа дека Организацијата не била против комунизмот.[7] Според тоа јавно се соопштувало за прекинување на врските со бугарската држава. Меѓутоа, тоа бил само смислен

---

[4] За тоа повеќе види: Предавниците на македонското дело, Скопје 1983, стр. 12—13, предговор на д-р Иван Катарџиев.

[5] Во врска со тоа Димитар Влахов во 1924 година пишувал: „Принципите за правото на народите на самоопределување и за здружување, федерирање на балканските народи беа проникнале длабоко во македонските маси" и дека „и крајните националисти и шовинисти, како Тодор Александров и Александар Протогеров беа принудени... да го примат принципот на самоопределување на македонскиот народ, за заедничка борба на сите Македонци..." (Димитар Влахов, Одбрани говори и статии 1924—1947, Скопје 1948, стр. 18).

[6] Бюлетинъ 21.06; 19.07; 27.08.1919; М. Миноски, Федеративната идеја с. 276.

[7] Предавниците на македонското дело..., стр. 12.

тактички потез на раководството на ВМРО со кој се сметало да се постигнат повеќе цели: од една страна да ги зацврсти врските со најреакционерните кругови во Бугарија со јавно дистанцирање од владата на Александар Стамболиски,[8] но и со предупредување дека, во спротивен случај, ВМРО можела да се определи и за соработка со комунистите. Од друга страна навистина се подготвувал терен за воспоставување врски за обезбедување финансиска помош од Советскиот Сојуз. Со прокламираната платформа ВМРО се доближила до советските ставови односно ставовите на Коминтерната и Балканската комунистичка федерација[9] по македонското прашање: право на македонскиот народ на самоопределување и создавање македонска држава, во нејзините природни и етнички граници како одделна единица на Балканската федерација на советските републики.[10]

Советскиот сојуз, кој преку Коминтерната и БКФ дејствувал за создавање единствен фронт на националноослободителните и револуционерните комунистички движења против реакцијата на балканските монархии за ослабнување на империјалистичкиот притисок, пројавил нагласен интерес за обединување на различните струи во единствено македонско националноослободително и револуционерно движење во рамките на единствениот балкански револуционерен фронт.[11] Само врз таа основа можело да се смета на обединување на сите национални и револуционерни сили на македонскиот народ.

Во тој процес клучна улога одиграл Димитар Влахов, поддржурван од БКФ и со непосредна помош од советската дипломатија.[12] Самиот Влахов верувал дека со ангажирање на

---

[8] Владата на Стамболиски за разлика од дотогашните бугарски влади не само што не ја поддржувала ВМРО, туку и ги прогонувала нејзините водачи. (Предавниците на македонското дело., стр. 108).

[9] Балканската комунистичка федерација била формирана во 1920 г. на конференцијата на комунистичките партии на балканските земји одржана во Софија.

[10] Д-р Славољуб Цветковиќ, Балканската комунистичка федерација и Македонија. — Зб.: Нации, малцинства и балканска соработка, Делчево 1987, стр. 164.

[11] Македонското прашање станало актуелно прашање на БКФ и на Коминтерната. На шестата конференција на БКФ од декември 1922 година во Берлин, по широка расправа,- бил усвоен став за обединување на Македонија и нејзино конституирање во одделна автономна единица во Балканската федерација. Тој став бил потврден и на осмата конференција на БКФ во Москва 1928 година. На петтиот конгрес на Коминтерната од 1924 година била усвоена посебна резолуција за Македонија во која се поддржувала борбата на македонскиот народ за национално и социјално ослободување и создавање независна македонска држава од обединета Македонија.

[12] Први кнтакти со високи советски личности Влахов воспоставил во 1918 година во времето на неговиот престој во Украина, во својство на бугарски конзуларен претставник во Одеса, кога одржувал врски со Крсто Раковски тогаш претседател на Советот на народните комесари на Украина. Во 1922 година на европската конференција во Ѓенова, каде што престојувал како член на бугарската стопанска делегација, Влахов се застапувал, не без претходен договор со советските претстав-

советската дипломатија можело да се очекува да се постигне обединување на различните струи во македонското движење и покрај големите разлики и нивна директна конфронтираност. Впрочем, тој бил длабоко убеден дека македонскиот народ во својата ослободителна борба можел да смета на поддршката на Советскиот Сојуз.[13] Затоа и очекувал ВМРО, по воспоставувањето врски со Советскиот Сојуз, да се ослободи од зависноста на бугарската држава и дворецот, да ги прекине братоубијствата и да се вклучи во борбата за независна македонска држава и Балканска федерација.[14] Носен со таа мисла, и покрај несигурноста во постојаноста на раководството на ВМРО, прифатил да посредува и притоа покажал завидна истрајност и дипломатска способност.

Во пролетта 1922 година во Ѓенова[15] Влахов организирал средба на делегацијата на ВМРО,[16] (што со таква цел допатувала) со членот на советската делегација Раковски. При тоа претставниците на ВМРО од Советскиот Сојуз барале парична помош.[17] Советската страна го одбила нивното барање и јасно ставила на знаење дека не прифаќа никакви контакти со ВМРО поради врските со бугарските влади и дејствувањето како експонент на бугарската експанзионистичка и анексионистичка политика спрема Македонија.[18]

Меѓутоа, набргу во 1923 година, советската дипломатија иницирала преговори за соработка на ВМРО, иако ништо битно не се изменило во ставовите и постапките на раководството.[19] Советските дипломатски претставници Хинков[20] и Андреев — Баса-

---

ници, бугарската влада на Александар Стамболиски да воспостави трговски врски со СССР. При тоа имал средби со членовите на советската делегација Раковски и Краснин, тогашен советски амбасадор во Лондон. Дека во тоа време продолжил да одржува врски со Раковски, се потврдува и од едно писмо од 23 април 1922 година до Влахов од негов личен пријател од Варна (Архив на Македонија, фонд: Димитар Влахов. К. 35, писмо од 22 апр. 1922 год. Варна).

[13] Тоа свое убедување тој го искажал уште во 1918 година на македонското собрание во Одеса. На Собранието било изнесено барање Македонците во Одеса да формираат македонска група во Советот на Болшевичката партија. При тоа нагласил дека Македонците како поробен народ ја поддржувале власта на Советите и дека сакале да учествуваат во нејзиното консолидирање со убедување дека Советска Русија ќе го помогнела македонскиот народ во неговата борба за слобода, да создаде своја држава и да учествува во Федеративната балканска република како рамноправен член со другите народи на Балканот, а која би се организирала по победата на демократијата на Балканот. (Влахов, Мемоари..., стр. 196—197).

[14] „Балканска федерација", 15.XI.1924; Димитар Влахов, Одбрани говори и статии, 1924—1947, Скопје 1948, стр. 33.

[15] Се одржала европска економска конференција на која бил претставен и СССР.

[16] Делегацијата ја чинеле Протугеров и Томалевски.

[17] Д. Влахов, Мемоари..., стр. 219.

[18] „Балканска федерација", 15.XI.1924.

[19] Д. Влахов, Мемоари..., стр. 213. Но, откако претходно биле воспоставени врски со Македонската емигратска федеративна организација.

[20] Советски претставник во Виена.

ров,[20] преку Павел Шатев кој бил соработник на советската известувачка служба, стапиле во врска со Тодор Александров и побарале ВМРО да испрати делегација во Москва за разговори во врска со помошта што би можела да ѝ се даде на Организацијата. Советските претставници инсистирале Димитар Влахов не само да биде вклучен во делегацијата, туку истата и да ја предводи, односно да ги води преговорите во името на ВМРО. Во врска со тоа Влахов во своите меморари пишува дека верувал во влијанието што можел да го има Советскиот сојуз и во искрената желба да го помогне македонското ослободително движење. Затоа безрезервно го прифатл предлогот.[22]

Во јуни 1923 година, непосредно по 9-то јунскиот државен удар во Бугарија,[23] во кој активно учествувала и ВМРО, во Софија Влахов се сретнал со советскиот претставник Андреев. Средбата ја организирал Павел Шатев.[24] Притоа советскиот претставник соопштил дека трichлената делегација, во состав: Димитар Влахов, Михаил Монев[25] и Павел Шатев, можела да тргне за Москва (преку Виена) на разговори. Водачите на ВМРО не дале согласност Шатев да учествува во преговорите во Москва. Затоа било договорено тој да патува само до Виена со задача останатите да ги поврзе со тамошниот советски претставник. Од Виена преку Берлин Влахов и Монев отпатувале за Москва. Таму веќе биле добиени информации за терористичките акции и активното учество на ВМРО во државниот удар во Бугарија. Затоа преговорите не биле водени.

По враќањето во Софија Влахов и Монев го известиле Александров дека Советскиот Сојуз ја сметал ВМРО за одговорна за превратот во Бугарија и дека соработка била можна единствено ако Организацијата ги прекинела сите врски со бугарската влада, ако целосно се осамостоела и демократизирала и ако го прифатела за своја цел ослободувањето и обединувањето на Македонија и нејзиното конституирање како самостојна политичка единица.[26]

Од Софија Влахов се вратил во Варна, кадешто по неговото пристигнување, со него стапил во врска Васил Коларов, секретар на Коминтерната и водач на БКП. Коларов предлагал соработка на БКП и македонското ослободително движење[27], што во конкретниот случај се однесувало на ВМРО.

---

[21] Нелегален претставник во Бугарија.

[22] Тоа не е спорно. Советскиот потег, односно нивното инсистирање Димитар Влахов да биде ополномоштен од ВМРО за водење на преговорите, упатува на заклучок дека тој бил единствената личност во која советската дипломатија имала целосна доверба.

[23] Државниот удар го организирала бугарската реакционерна буржоазија а го извршиле воените кругови со активно учество и на ВМРО. Нова бугарска влада формирал Воениот сојуз под претседателство на Кимон Георгиев.

[24] Д. Влахов, Мемоари. . ., стр. 221.

[25] Зет на Тодор Александров.

[26] Д. Влахов, Мемоари. . ., стр. 225.

[27] Истото.

Во тоа време, додека советската дипломатија и Коминтерната дејствувале за придобивање на ВМРО, нејзините вооружени чети продолжувале со злосторнички акции во Пиринскиот дел на Македонија, убивајќи повеќе десетици македонски револуционери и други прогресивни личности. Советската дипломатија имала подробни и сигурни информации за сето тоа, па сепак ги продолжувала контактите со ВМРО. Советскиот претставник Андреев, по инструкции од Москва, се состанал со Тодор Александров. Средбата се одржала во с. Покровник, Горно Џумајско, кадешто биле водени прелименарни разговори со учество на Димитар Влахов.[28] На средбата била утврдена основа за водење преговори меѓу Советскиот Сојуз и ВМРО. Било договорено ВМРО да престане да ја поддржува бугарската фашистичка влада на Александар Цанков, да прифати обединување на македонските национални и револуционерни сили во единствено македонско национално ослободително движење, соработка со сите организирани прогресивни сили во балканските земји во единствен револуционерен фронт, и создавање Балканска фдеерација.[29] Било договорено преговорите да се водат во Виена. На барање од советскиот претставник, Александров прифатил Димитар Влахов да биде ополномоштен за водење на преговорите во Виена. За тоа тој добил и посебни „писмени инструкции".[30]

Во почетокот на 1924 година Влахов отпатувал во Виена.[31] Таму биле водени преговори со претставници на Советскиот Сојуз,[32] на Балканскиот револуционерен центар и на Балканската комунистичка федерација[33] за соработка на балканските националноослободтиелни и револуционерни движења. Преговорите, и покрај сета ангажираност на Влахов,[34] не довеле до постигнување спогодби поради тактизирањето на раководството на ВМРО. Водачите на ВМРО не сметале да се придржуваат на претходно договорените принципи и не се решавале јавно да соопштат дека ги прекинуваат сите врски со бугарската влада и држава. За нив исто така било неприфатливо демократизирањето на ВМРО. Не помалку важна причина било нeединството во редовите на ВМРО и нејзиниот Централен комитет, по што дошло со издвојувањето на групата на Петар Чаулев.

---

[28] Истото.

[29] Истото.

[30] „Балканска федерација", 15.XI.1924.

[31] Во својство на трговски претставник при бугарското дипломатско претставништво.

[32] Голдштајн, со псевдоним Черски, бил тогашен советски претставник во Виена.

[33] Со БКФ раководел Ѓорѓи Димитров.

[34] При тоа Влахов дејствувал исклучиво според инструкциите од советските претставници. Во врска со тоа самиот пишува: „Јас бев од оние заслепени луѓе кои веруваат дека болшевичките раководители не грешат, дека тие секогаш се прави дури и тогаш кога извесни нивни дејствија не би можел да ги примам" (Д. Влахов, Мемоари..., стр. 227).

Советската страна оценила дека додека не се отстранеле спротивностите во ЦК на ВМРО не било можно да се смета на обединување на сите македонски национални и револуционерни сили и на поврзувањето на македонското национално ослободително движење во единствениот балкански револуционерен фронт. Димитар Влахов, кој во преговорите го застапувал водството на ВМРО, како ополномоштен претставник за сето време дејствувал согласно со инструкциите од советската дипломатија. На барање од советскиот претставник, во март 1924 година отпатувал во Рим, кадешто во тоа време се наоѓал Чаулев,[35] со задача да организира средба и да посредува за надминување на неединството меѓу членовите на ЦК на ВМРО, а потоа да дејствува за спогодување со Македонската федеративна организација.

Во Рим се состанале Чаулев, Александров и Влахов. Протугеров,[36] кој исто така допатувал, не учествувал[37] во разговорите, но истите ги одобрувал. Влахов ги известил членовите на ЦК на ВМРО дека средбата била организирана со цел да се усогласат нивните ставови и да се постигне согласност за спогодување со Македонската федеративна организација.[38] И за двете прашања била постагната согласност.[39] Александар и Протугеров ги ополномоштиле Чаулев и Влахов да стапат во врска со претставниците на Федеративната организација за постигнување спогодба за трајно прекинување на непријателствата и за обединување, за создавање единствено македонско национално ослободително движење врз прогресивна основа.[40] Во таа смисла Чаучел и Влахов добиле и посебно упатство.[41]

Преговорите што Чаулев и Влахов ги воделе со д-р Филип Атанасов, кој ја претставувал Федеративната организација на поранешните серски револуционери, поради меѓусебната недоверба како последица на крајно заострените односи меѓу двете организации, што кулмунирале со вооружени пресметки, не вродиле со плод.

На иницијатива од Коминтерната, во преговорите се вклучиле да посредуваат и претставници на БРЦ, по што била постигната спогодба. Согласно со спогодбата, Чаулев и Влахов

---

[35] Споменатиот советски претставник во Виена одржувал врски со Петар Чаулев, со посредство на Харлаков.

[36] Исто член на ЦК на ВМРО.

[37] Поради лична нетрпеливост.

[38] За тоа Влахов пишува: „Им објаснив на Чаулов и Александров дека во прво време се работи за тоа да се постигне спогодба со Македонската федеративна организација предводена од Тодор Паница и д-р Атанасов“ (Д. Влахов, Мемоари..., стр. 234).

[39] Тоа значело дека ЦК на ВМРО ќе настапувал единствено.

[40] Преговорите, како што пишува Катарџиев, се воделе според концепцијата на Коминтерната за мобилизирање и обединување на балканските народи во единствен антиимперијалистички фронт (д-р Иван Катарџиев, Време на зреење, I, Скопје 198, стр. 236).

[41] Д. Влахов, Мемоари..., стр. 235.

потпишале посебна декларација[42] за политиката што ќе ја следела ВМРО, а која требало да стане полносилна по нејзиното усвојување од страна на Централниот комитет. На состанокот во Линц на 24 април, на кој Влахов поднесол извештај, ЦК на ВМРО ја прифатил новата ориентација. На 29 април декларацијата ја потпишале тројца членови на ЦК: Александров, Протугеров и Чаулев.[43] На 30 април членовите на ЦК на ВМРО и на Федеративната организација во Виена потпишале договор за обединување на македонското револуционерно движење,[44] врз принципите содржани во декларацијата.[45] Со протоколот се предвидувало да се формира трочлена комисија со по еден претставник од двете страни и Димитар Влахов,[46] со задача: да работи на отстранување на конфликтите што можеле да се јават меѓу двете страни, да го подготви свикувањето на обединувачкиот конгрес, да работи на тоа во странскиот печат да се шири и идејата за неопходноста од единствен македонски и балкански револуционерен фронт и Балканската федерација, да организира издавање и редактирање периодичен орган во странство[47] под име „Балканска федерација“.[48] За двата документа било договорено да не се публикуваат.

---

[42] Во Декларацијата ВМРО се обврзувала дека ќе се бори за ослободување и обединување на Македонија и за создавање целосно самостојна политичка единица, во нејзините природни и етнографски и географски граници, и за создавање Балканска федерација. За остварување на таа задача сметала исклучиво на моралната поткрепа од револуционерните и прогресивни струи и на сестраната материјална и политичка поткрепа од СССР. Соопштувала дека прекинува секакви врски со софиските влади и дека ќе води борба против нивната политика. Во рамките на легалната политичка пропаганда ќе организирала издавање на посебен печатен орган во странство што ќе ја бранел идејата за самоопределување на балканските народи и за Балканската федерација и ќе подготвувал услови за создавање единствен балкански револуционерен фронт“ (Предавниците на македонското дело..., стр. 119—121).

[43] Предавниците на македонското дело., стр. 119.

[44] Истото, стр. 121—123; Документи за борбата на македонскиот народ за самостојната и национална држава, II, Скопје 1981, д. 49, стр. 87—88.

[45] Со Протоколот била утврдена плаформата за обединувањето на револуционерните сили во една организација и под едно идејно знаме за создавање единствен македонски револуционерен фронт, како основа за изградување единствен балкански револуционерен фронт (Документи за борбата на македонскиот народ..., II, д. 49, стр. 87).

[46] За тоа во Протоколот стои: „Да се установи една општа комисија за усогласување во состав **по еден претставник од двете страни и и еден член назначен по желба на двете страни** (подвлечено во документот — ММ). Со оглед на улогата што ја имал во процесот на спогодувањето и потоа, без сомнение се работело за личноста на Димитар Влахов.

[47] Со задача, „во рамките на легалната политичка пропаганда“, да се бори против европскиот и балканскиот империјализам и да ја брани идејата за самоопределување на балканските народи и за Балканска федерација (Предавниците на македонското дело..., стр. 121).

[48] Излегувал од 1924 до 1932 година (на француски, германски, бугарски и српски јазик) под девизата: „Ослободување и самоопределување на народите на Балкан!“ Влахов бил член на редакцијата за првите четири броја а потоа бил определен за главен редактор и директор (Д. Влахов, Мемоари..., стр. 257).

Влахов напишал Манифест кон македонскиот народ и македонските револуционери.[49] Текстот бил прифатен од членовите на ЦК на ВМРО. При тоа некои делови „биле засилени", по лично инсистирање на Тодор Александров,[50] кој потоа отпатувал од Виена. На 6 мај членовите на ЦК на ВМРО Александров и Чаулев, во свое име и во името на Протугеров, од кого биле ополномоштени,[51] го потпишале Манифестот.[52] Истиот бил објавен во првиот број на „Балканска федерација".[53]

Подоцна Протугеров и Александров, по враќањето во Софија под силен притисок и закани од владата на Цанков, „исплашени за сопствената кожа", се откажале од своите потписи на виенските документи и се обврзале уште поревносно да ѝ служат за ликвидирање на повидните македонски национални дејци и револуционери и други прогресивни личности.[54]

Ни со тоа не можело да се спречи обединувањето на прогресивните и револуционерни сили на македонскиот народ при што, без сомнение, решавачка улога имал Димитар Влахов, кој ја имал поддршката од Коминтерната, БРЦ и БКФ.[55]

Бидејќи се покажало дека покренатото гласило „Балканска федерација" не можело да ги задоволи потребите и да одговори во целост на задачите за мобилизирање на македонските маси, Влахов иницирал издавање посебен весник, наменет специјално за Македонците,[56] со задача да ги популаризира принципите во Мајскиот манифест, да ја разобличува експлоататорската, денационализаторската и асимилаторската политика на режимите на балканските монархии во од нив освоените

---

[49] Д. Влахов, Одбрани говори и статии..., стр. 24.

[50] Истото.

[51] Во присуство на Димитар Влахов (Д. Влахов, Одбрани говори и статии..., стр. 24).

[52] Манифест кон македонскиот народ, кон организираното револуционерно население во Македонија и кон македонските револуционери (Документи за борбата на македонскиот народ..., д. 50, стр. 88—94), познат како Мајски манифест.

[53] „Балканска федерација", 15 мај 1924.

[54] Предавниците на македонското дело..., стр. 117. На 31 август терористите на ВМРО, по налог на бугарската влада, го убиле Тодор Александров. По тоа следувале многубројни убиства во Пиринскиот дел на Македонија. Биле убивани македонски револуционери и други прогресивни личности.

[55] Димитар Влахов во едно свое писмо од 5 декември 1948 година до Лазар Колишевски, во врска со неговата критика за ставот на ВМРО (Об.) по националното прашање, пишува дека Обединетата била формирана во согласност со Балканската комунистичка федерација, „во која членувала и КПЈ и дека по националното прашање никогаш немало разлика меѓу раководствата на ВМРО(Об.) и КП на Југославија, Бугарија и Грција, респективно и на БКФ. Органите на Организацијата: Централниот комитет, редакциите и колегиумите на нејзините гласила „Македонско дело" и „Балканска федерација" се раководеле според инструкциите од БРЦ, што дејствувал во согласност со БКФ, респективно на Коминтерната до јуни 1929 година и потоа непосредно од Коминтерната. Посебно нагласува дека ВМРО(Об.) не преземала ништо без одобрување, па според тоа „нејзините ставови биле и ставови на тие институции" (Архив на Македонија, Фонд: Димитар Влахов, К. 10, Коресподенција, бб лл. 2, 5.XI.1948, писмо до Лазар Колишевски).

[56] Д. Влахов, Мемоари..., стр. 257.

делови од Македонија, против народната терористичка дејност на македонските врховисти и да придонесува за сплотување и изградување единство на прогресивните демократски и револуционерни сили за создавање единствен македонски револуционерен фронт, во рамките на балканскиот револуционерен фронт, за независна Македонија и Балканска федерација.[57] На 10 септември излегол првиот број на весникот „Македонско дело".[58] Главен уредник бил Димитар Влахов.[59]

Во тоа време во завршна фаза биле подготовките за конференцијата за обединување,[60] што ја организирал Влахов. Обединувачката конференција се одржала во Виена, во октомври 1925 година, со учество на делегати од сите делови на Македонија, претставници на различни струи и организации.[61] Влахов бил централна личност на конференцијата и раководител со истата.[62] На конференцијата било извршено обединувањето и основањето на новата организација ВМРО (обединета),[63] а бил избран и Централен комитет во состав: Димитар Влахов, Пенко Брашнаров,[64] Христо Јанков.[65] Едно место било резервирано за подоцна кооптираниот член Димитар Арнаудов.[66]

Во уставот на ВМРО(Об.) како особено важна задача во дејствувањето било утврдено воспоставување врски и соработка со сите национално револуционерни и социјално револуционерни организации и партии од балканските земји што го прифаќале и поддржувале принципот на самоопределување на народите и создавањето од (обединета) Македонија одделна политичка единица.[67] Тоа прашање, за надворешните односи на македонското националноослободително движење, е доразработено во Резолуцијата за внатрешната и меѓународната положба на Македонија. Во неа, по укажувањето дека балканските монархии за задоволување на своите империјалистички цели ја

---

57 „Македонско дело", 10.IX.1925, програмска статија „Место програма" и статијата: „По кој пат?".

58 Последниот број излегол во 1935 година.

59 Д-р Боро Мокров, Развојот на македонскиот печат и новинарство, Скопје 1980, стр. 367.

60 Во август 1925 година Риза Ризов во Велес бил повикан од Димитар Влахов во Виена на основачката конференција на ВМРО(Об.) (Тодор Г. Зографски — Димче, А. Зографски, КПЈ и ВМРО(Об.) во Вардарска Македонија 1920—1930, Скопје 1974, стр. 143).

61 Федералистите, Илинденската организација, серската група и др.

62 Избран од делегатите на конференцијата.

63 Тоа име го симболизирало единството на национално ослободителното и револуционерно движење на поробениот и поделен македонски народ, и со него се потенцирал и континуитетот на борбата за национално ослободување и македонска државност врз принципите на Македонската револуционерна организација од илинденскиот период.

64 Претставник на Иницијативниот одбор на ВМРО(Об.) од Вардарскиот дел на Македонија.

65 Претставник на емигрантската комисија при БКП.

66 Претставник на серската група. На основачката конференција во Виена не учествувал.

67 Чл. 3 од Уставот. (Д-р Александар Христов, Зборник на документи за создавање македонска државност (1893—1944), Скопје 1976, д. 198, стр. 340).

распрчале Македонија, а нивните влади се стремеле трајно да ги владеат освоените делови и дека се тие противници на нејзиното ослободување и обединување, се потенцирало дека македонскиот народ во борбата за национално ослободување и создавање своја независна држава и за балканска федерација, можел да смета на поддршка од потиснатите народности и угнетените работни маси на Балканот и на солидарна поткрепа од потиснатите народи и експлоатираните класи во целиот свет организирани во револуционерни организации и партии, како и на помош од Советка Русија, која единствена го прифатила и применила принципот на самоопределување на народте.[68] Во истата резолуција уште се соопштувало дека ВМРО(Об.) ќе ја засили својата пропаганда и агитација во странство меѓу работничките маси и прогресивното општествено мислење, како и меѓу македонската и балканската емграција за **независна Македонија и Балканска федерација** (подвлечено во документот — ММ).[69] Во концепирањето и при донесувањето на овие и другите документи учеството и големиот придонес на Влахов се неспорни.

Според тоа, во остварувањето на зацртаната политика посебно, нагласено значење, им се придавало на надворешните врски на македонското национално ослободително движење, претставувано од ВМРО(Об) и на афирмацијата на борбата на македонскиот народ за самоопределување и создавање независна македонска национална држава пред прогресивната општественост. Со пропагандната дејност и врските со странство раководел Димитар Влахов.[70] Едновремено тој лично развил и богата публицистичка дејност на страниците на „Македонско дело"[71] и „Балканска федерација".[72] Напишал неколку посебни публикации[73] за запознавање на прогресивното мислење со ропската положба на македонскиот народ, подложен на денационализација и асимилација од постојните режими на балканските држави, со вистината за противнародната, противма-

---

[68] Д-р Александар Христов, Зборник на документи за создавање на македонска државност..., д. 99, стр. 352—354.

[69] Истото.

[70] За тоа повеќе: Д. Влахов, Мемоари..., с. 282—283.

[71] Изнесувајќи ја новата ориентација на македонското национално ослободително и револуционерно движење Влахов во органот на ВМРО (Об.) во бројот од 10 ноември, 1925 год., меѓу другото пишувал: „Ние нема — да губиме време да испраќаме протести до западните европски комунистички влади и до балканските династии. Нема да губиме време да испраќаме молби до Општеството на народите, инструмент на тие влади. Ние ќе го свртиме вниманието на европското прогресивно мислење на неподносливата положба на Македонија и го повикуваме да го стави во дејство своето влијание..." (Македонско дело", 10.XI.1925).

[72] Разобличувајќи ја македонската врховистичка организација, Влахов пишувал: „Пред македонскиот народ и пред туѓото општествено мислење ги изнесуваме пеколните планови на шефовите на автономистичката организација". За нив пишува дека се предавници на македонскиот народ („Балканска федерација", 1.III.1928).

[73] Брошурата: „Борбата на македонскиот народ за ослободување". Истата била преведена и на француски јазик и била објавена во продолженија во „Балканска федерација".

кедонска дејност на врховистичката, фашизирана ВМРО, во служба на бугарската фашистичка влада на Цанков и на дворецот; за популаризирање на борбата што ја водела ВМРО(Об.,) вистинскиот легитимен претставник на македонскиот народ.

Со аргументираното презентирање на вистината за македонското прашање и положбата во Македонија растел и бројот на угледни прогресивни личности: врвни научни работници, писатели, уметници и општественици од европските земји и од светот, кои ја искажувале својата солидарност и поддршка на праведната борба на македонскиот народ за национално ослободување и своја државност.[74] Промакедонската активност на меѓународната прогресивна општественост се засилила особено во периодот од 1929 до 1934 година,[75] кога била интензивирана дејноста на воспоставување врски на македонското националноослободителното и революционерно движење со прогресивните национални и меѓународните политички и хуманитарни организации, како и со учеството на меѓународните собири и во меѓународните форуми на кои било поставувано македонското прашање.

Врски со БКФ и со балканските националноослободителни и револуционерни движења биле одржувани и пред основачката конференција на ВМРО(Об). Претставници на БРЦ[76] зеле учество во преговорите за обединување на македонскте национални и револуционерни сили.[77] По основањето, ВМРО (Об.) станала водечка организација во Балканскиот револуционерен центар. Димитар Влахов во својство на секретар го презел раководењето со истиот.

Во тоа време Влахов бил водечката личност на ВМРО (Об.), на нејзиниот Централен комитет и на БРЦ. Со мошне богато теоретско и практично политичко и дипломатско искуство,[78] говорел и повеќе странски јазици, особено се експонирал на надворешно политички план; на воспоставување надворешни врски на македонското национално ослободително и револуционерно движење и за поставување на македонското прашање пред меѓународните форуми и на меѓународните и нацио-

---

[74] Меѓу кои: Алберт Ајнштајн, претседателот на Чехословачката академија на науките Неједли, Даниел Рену, Габриел Пери, Шан Лонге, Леон Никол, Марсел Вилар — претседател на француската лига за заштита на правата на човекот, Франческо Нити — поранешен италијански министер и други. На една анкета од ЦК на ВМРО(Об.) со свои писмени искажувања одговориле повеќе од 150 еминентни личности од Европа (Д. Влахов, Мемоари. . ., с. 265).

[75] Д-р Владимир Картов, Македонскиот народ и правото на самоопределување. . ., стр. 254.

[76] Во кој според Димитар Влахов главна улога имал претставникот на Советскиот сојуз (Д. Влахов, Мемоари. . ., стр. 233).

[77] Предавниците на македонското дело. . ., стр. 20.

[78] Пратеник во Отоманскиот парламент, и бугарски дипломатски претставник во Одеса.

нални собори на прогресивните револуционерни и хуманитарни организации и здруженија.[79]

Се застапувал и самиот лично се ангажрал за следење на меѓународните собири на кои се расправало за положбата на поробените народи. Така „Балканска федерација“ уредувана од Влахов опширно пишувала за Првиот конгрес против империјализмот одржан во Брисел, од 10—15 февруари 1927 година, за усвоената резолуција во која се изразувала поддршка на ослободителните движења и за донесената одлука Лигата да прерасне во светска организација против империјализмот и за национална независност.[80] Летото 1927 година, од 22 до 24 август, во Женева се одржал Третиот конгрес на националните малцинства.[81] Во Мемоарот[82] доставен на Конгресот се обрнувало внимание дека положбата на националните малцинства не можела битно да се подобри сè додека не се поведела систематска отворена борба за право на секој народ на самоопределување и додека на истите не им се обезбеделе гаранции своите работи да ги уредуваат според своето разбирање односно по сопствена волја.[83] Што се однесувало до македонскиот народ и другите балкански народи се предупредувало дека постојната положба натаму не можела да продолжи затоа што го загрозувала мирот на Балканот, а со тоа и на цела Европа. Единствено решение на тој акутен балкански проблем било националното самоопределување, воспоставување положба во која секој народ ќе можел да располага со својата судбина, при што ќе се почитувале националните права и на најмалубројната национална група, и федерирањето на национално самоопределените балкански народи, со веќе конституирани автономни (државни) единици, во Федеративна Балканска Република.[84] Со нејзиното создавање се елиминирале националните несогласувања на Балканот. Само таа и таква заедничка држава на сојузните балкански народи можела да им обезбеди мир, прогрес и благосостојба. Ќе претставувала голема сила што ќе била во состојба да се спротивстави на аспирациите на западноевропските империјалистички држави, кои со својата балканска политика подготвувале нова војна.[85] Од Конгресот се барало, поради „големата

---

[79] За тоа Влахов во своите спомени пишува: „Се стремевме да учествуваме во разни меѓународни форуми, да ги изнесуваме своите ставови и во исто време да ја бараме поткрепата на видните општественици, при различни конкретни случаи. Со еден збор **да го сврземе нашето ослободително движење со ослободителните движења во другите земји** (подвлекол Д. Влахов, Мемоари..., стр. 269).

[80] „Балканска федерација“, 1. III, 1927.

[81] Тоа биле конгреси на претставници на признати и легатно организирани малцинства од европските држави.

[82] Мемоар врху положението на потиснатите народи на Балканите претставен на Третиот конгрес на националните малцинства во Женева (Димитар Влахов, Говори и статии 1909—1931, док. 48, с. 293—305, Институт за национална историја — Скопје, Сл. IV 138).

[83] Истото, стр. 303.

[84] Истото, стр. 304.

[85] Истото.

важност за решавање на националното прашање на Балканот и особено на македонското прашање“, да го земе предвид изнесеното во Мемоарот и да заземе став за поставените прашања.[86] Покрај тоа, одделно се барало да се донесе резолуција во која ќе се осудат реакционерните режими во сите балкански држави: Југославија, Романија, Бугарија, Грција и Албанија и ќе се поддржат барањата за враќање на одземените политички, културни и национални права и слободи, како и правото на балканските народи на самоопределување и нивно сојузување во Балканска федерација.[87]

Есента истата година била воспоставена врска со Меѓународната организација за помош на револуционерите — „Црвена помош“. Нејзиното раководство било запознато, со едно писмо од 30 септември, што било потпишано од Влахов, Занков и Владимир Поп Томов, со тешката положба во поробена Македонија. Со конкретни податоци за многубројните жртви на теророт што го спроведувале фашистичките режими во Бугарија, Југославија и Грција.[88]

Влахов ја предводел делегацијата на македонското национоалноослободително и револуционерно движење, избрана од ЦК на ВМРО(Об.),[89] на Меѓународниот конгрес на пријателите на СССР во Москва, во ноември 1927 година, организиран по повод 10-годишнината од Октомвриската револуција. На Конгресот, на кој учествувале 957 делегати од 24 земји, говорел и Димитар Влахов. Тој го запознал високиот форум со тешката положба на поробениот и поделен македонски народ под реакционерните фашистички режими на балканските монархии, известувајќи за „секојдневни затворања, убијства, дури и масовни убијства“.[90] И во тие и такви услови македонскиот народ ја продолжувал борбата за национално и социјално ослободување и своја државност што се водела во единствениот балкански револуционерен фронт, за создавање Балканска федеративна република на работниците и селаните.[91] Во таа борба македонскиот народ и другите угнетени народи и класи на Балканот сметале на морална поткрепа и помош од Советскиот Сојуз, кој го прокламирал принципот на самоопределување на народите. Неговите претставници на меѓународните конференции во Ѓенова и Лозана и во секоја прилика ги осудувале мировните договори склучени по балканските војни и Првата светска војна (Лондонскиот, Букурешкиот, Сен-Жерменскиот, Трианонскиот и Нејскиот), со кои распарчена Македонија, но и други национални територии, биле вклучени во границите на туѓи држави. Советскиот Сојуз сите тие договори ги отфрлил бидејќи со нив

---

[86] Истото.
[87] Истото, стр. 304—305.
[88] Д-р Иван Катарџиев, Време на зреење, I, Скопје 1977, стр. 116.
[89] Во состав: Димитар Влахов, Георги Занков и Павел Шатев. Набргу потоа Занков бил исклучен од ЦК поради неговите врски со југословенската разузнавачка служба (Д. Влахов, Мемоари..., стр. 275).
[90] Д. Влахов, Одбрани говори и статии 1924—1947, стр. 195.
[91] Истото.

се санкционирале територијалните промени извршени со сила на оружјето, спротивно на принципот за право на народите самите да одлучуваат за својата судбина.[92] Во завршниот дел на својот говор изјавил дека балканските народи, место братоубиствени војни, одбрале да следат друг пат, патот кон „**обединување во една конфедерација во која секој народ ќе ја зачува својата автономија** (подвлекол — ММ)“.[93]

Врски биле одржувани со германската и француската „Црвена помош“, како и со меѓународниот комитет за борба против белиот терор на Балканот, со седиште во Париз.[94] Македонското национално ослободително и револуционерно движење Влахов го претставувал на Меѓународниот конгрес против фашизмот во Берлин, на 9 и 10 февруари 1929 година, на кој на разгледување го поставил и македонското прашање. Во својот говор потсетил дека по балканските војни, со Букурешкиот договор, Македонија била поделена меѓу Србија, Грција и Бугарија. Светската војна и договорите што ја следеле „го санкционирале тој грабеж“. Со тие насилни промени извршени против волјата на народот, бил изменет целокупниот негов „политички, економски, културен па и физички живот“.[95] Изнесувајќи ја постојната актуелна положба укажал дека македонскиот народ бил подложен на безмилосна експлоатација, денационализација и асимилација, од владеечките режими на балканските монархии. Во завршниот дел од својот говор Влахов апелерал Конгресот да ги осуди фашистичките режими во Македонија и да застане во заштита на поробениот и напатен македонски народ, за кого не се спроведувале „ниту договорите, потпишани од неговите поробувачи, за заштита на националните малцинства“.[96] Македонскиот народ можел да се спаси единствено кога ќе се здобиел со слобода и ќе создадел своја, независна македонска држава, рамноправна членка на Балканската федеративна република.[97] На конгресот поднел и посебно протесно писмо против теророт на балканските режими во заштита на виталните интереси и стремежи на македонскиот народ и на останатите потиснати народи и угнетени класи на Балканот.[98]

Влахов[99] и Јордан Анастасов[100] биле македонски претставници на Европската конференција на правниците во Берлин, од 8 до 12 декември 1929 година,[101] организирана од Меѓународната организација за помош на револуционерите (МОПР). Кон-

---

[92] Истото, стр. 199.
[93] Истото.
[94] Влахов одржувал пријателски врски со претседателот на комитетот Даниел Рену, уредник на органот на КП на Франција „Иманите“.
[95] „Балканска федерација“, 15.III.1929.
[96] Истото.
[97] Истото.
[98] Д. Влахов, Мемоари..., стр. 283.
[99] Делагат на БРЦ.
[100] Делегат на ВМРО(Об).
[101] „Македонско дело“, 10.I.1930.

ференцијата ѝ била посветена на политичката и правна положба на поробените народи и на кршењето на најелементарните права и слободи. На Конференцијата Влахов ја изнесол положбата во Македонија. Говорел за националното угнетување на македонскиот народ, за вонредното законодавство и политичките процеси. Примената на вонредното законодавство и многубројните политички процеси биле вперени против македонското национално ослободително и револуционерно движење и имале за цел, како што посебно потенцирал Влахов, „да го убијаат националниот дух кај Македонецот“.[102] По однос на националното угнетување изјавил дека тоа во најостра форма се појавувало токму во Македонија. Македонскиот народ бил подложен на систематска денационализација и дека секоја национална појава била гушена во крв.[103]

Влахов остро го критикувал Друштвото на народите, за кое рекол дека, иако имало меѓународно правна обврска да ги заштитува националните малцинства, не ја извршувало таа своја обврска. Напротив, „ја поддржувало асимилаторската политика на поробувачите“.[104] На крајот од својот говор изјавил дека македонскиот народ не очекувал ништо од Друштвото на народите и од „великите“ сили што му ги исковале ропските синџири и сè уште ги поддржувале неговите поробувачи. И дека тој, предводен од ВМРО(Об.) се борел за независна Македонија и Балканска федерација. Следејќи го тој пат сметал на поткрепата на прогресивното општествено мислење, чиј голем дел го претставувала самата Конференција.[105]

Македонското прашање Влахов го поставил и на Третиот конгрес на германската „Црвена помош“. Во поднесениот реферат ја изнесол положбата во поробена и поделена Македонија и притоа потенцирал дека Македонците бараат „политички, национални и културни права и слободи, отстранување на вонредните режими, запирање на протерувањето на Македонците. Рефератот бил сослушан со внимание и интерес, по што Конгресот усвоил резолуција за заштита на македонскиот народ. Со резолуцијата се барало: потполни политички, национални и културни права и слободи, отстранување на вонредните режими, запирање на протерувањата на Македонците, целосна и безусловна амнестија за национално-револуционерните и други политички затвореници и се изразувала поддршка на борбата на македонскиот народ за национално ослободување и федерација на слободни балкански народи.[106]

Кон крајот на март 1930 година во Берлин се одржал Првиот европски селски конгрес,[107] на кој учествувал и Димитар Влахов. По поздравните зборови, во името на работното селанство и целиот македонски народ, делегатите на Конгресот

102 Истото.
103 Истото.
104 Истото.
105 „Македонско дело“, 26.II.1930.
106 Истото.
107 „Македонско дело“, 25.IV.1930.

ги запознал со положбата на Македонија по нејзиното распарчување од балканските монархии во времето на Балканските војни и по санкционирањето на поделбата, со мировните договори по Првата светска војна, и дека македонскиот народ; селаните, работници и революционери, предводени од ВМРО (Об.), ја продолжувал борбата за национално ослободување, за создавање своја држава и Балканска федерација на слободни републики.[108] При тоа го истакнал и големото значење за македонското национално ослободително и революционерно движење, за кое се искажал дека во основа било селско движење, да одржува постојана врска со работното селанство во Европа, дека на неговата помош и поддршка се сметало и дека со тоа се забрзувала победата.[109]

Конгресот се солидаризирал со борбата за слобода на поробените народи. Се осудувал секој вид национално потиснииштво и се поддржувало правото на слободно самоопределување на потчинетите народи до целосно отцепување.[110]

Влахов го претставувал македонското националноослободително и револуционерно движење и на Меѓународниот конгрес во Москва, пролетта истата година, на кој централно прашање било: фашизмот и воената опасност. Конгресот усвоил повеќе резолуции меѓу кои и резолуција за право на потиснатите народи на слободно самоопределување до отцепување.[111]

Во 1930 година во Женева се одржал и шестиот конгрес на националните малцинства. По тој повод Балканскиот комитет на национално революционерните организации издал декларација, во чие составување, учеството на Влахов е неспорно. Во неа се осудувал Конгресот бидејќи националните малцинства и понатаму ги третирал врз база на мировните договори и постојниот ред утврден со нив, како што постапувало и самото Друштво на народите. Се осудувале сите организации и поединци кои до Конгресот и до Друштвото на народите упатувале молби, петиции и слични барања за подобрување на положбата на малциствата, бидејќи суштествено било нивното постоење како националности, правото на самоопределување и нивното национално ослободување. Се издигал лозунгот за целосно ослободување на потиснатите народи и национални малцинства по пат на масовна револуционерна борба. . ., рушење на постојните диктатури на Балканот, национално ослободување и обединување во Федерација на балкански републики и на трудбеничките балкански народи.[112]

Комитетот ја интензивирал пропагандната дејност за афирмација на македонското националноослободително и револуционерно движење и македонската национална самобитност.

---

108 Истото.

109 Македонија пред Европскиа селски конгрес. Из речта на претставитела на Македониа произнесена на I Европески конгрес. „Македонско дело", 10 мај 1930.

110 „Македонско дело", 25 апр. 1930.

111 Д. Влахов, Мемоари. . „ стр. 293—294.

112 „Македонско дело", 10.IX.1930.

Само за неколку месеци, во времето од 20 септември 1930 до 10 јануари 1931 година, публикувал две декларации, еден апел и еден повик во кои се укажувало дека на поробениот и поделен македонски народ му се одрекувало правото на национално самоопределување и истиот се повикувал да ги збие своите редови во борбата за национално и социјално ослободување.[113]

Во времето од 30 мај до 2 јуни 1931 година во Берлин се одржала Конференција на Лигата против империјализмот, на која македонското национално ослободително движење било претставено со двајца делегати: Димитар Влахов и Павлов.[114] На конференцијата Влахов поднесол извештај за положбата на потчинетите народи и национални малцинства во Европа[115] и бил избран во Извршниот комитет на Лигата, а вториот македонски претставник во Президиумот. Со тој акт, според пишувањето на органот на ВМРО(Об.), се потенцирало големото значење што го имало македонското прашање и улогата што ја имало македонското национално ослободително и револуционерно движење во борбата за национално ослободување.[116]

Есента 1931 година, од 9—15 октомври, во Берлин се одржал Осмиот конгрес на Меѓународната работничка помош.[117] Конгресот, според пишувањето на весникот „Македонско дело", претставувал „грандиозна манифестација на меѓународната солидарност на трудбеничките маси.[118] Учествувале над 1000 делегати и гости од 40 земји во светот,[119] меѓу кои и Димитар Влахов од Македонија. На Конгресот Влахов говорел од името на балканските национални револуционерни организации за теророт на Балканот и за двојното ропство: национално и социјално, на македонскиот народ и другите потиснати народи. Тој на усвојување поднесол протестна резолуција со која балканските диктатури „се приковувале на столбот на срамот и се поддржувала ослободителната борба и борбата за создавање федерација на слободни републики на трудбеничките маси".[120] Резолуцијата била прифатена едногласно од делегатите на Конгресот.[121]

Ерудита, со широки познавања за современите општествени проблеми, Влахов, во тоа време се афирмирал и на поширок меѓународен план како влијателен политички активист и доследен револуционер. Како таков бил избран во секретаријатот на Меѓународната лига против империјализмот и учествувал на

---

[113] Д-р Владимир Картов, Македонскиот народ и правото на самоопределување. . ., стр. 256.

[114] Д. Влахов, Мемоари, с. 299.

[115] „Балканска федерација", 4/5 авг. 1931; „Македонско дело", 25.VI. 1931.

[116] „Македонско дело", 25.VI.1931.

[117] Меѓународната работничка помош (МРП) била формирана во 1921, за време на гладот во СССР, на иницијатива од Ленин.

[118] „Македонско дело", 10.XI.1931.

[119] Истото.

[120] Истото.

[121] Истото. Текстот на резолуцијата во бројот 152 од 25.I.1932.

светскиот конгрес против фашизмот и војната во Амстердам, од 27 до 29 август 1932 година.[122] Конгресот го поздравил од името на македонскиот народ и другите потиснати народи на Балканот. Говорејќи за фашизмот и воената опасност Влахов укажал дека на балканските народи им било добро познато дека токму тие ќе бидат први жртви на империјализмот, како што биле при последните три војни.[123] Балканските фашистички влади настојувале со сите средства да ги уништат национално ослободителните и пролетерско ослободителните движења, помагани од македонските и нивните југословенски, грчки, бугарски и други фашисти, за полесно да ги одведат народните маси на човечката касапница.[124] Потиснатите народи и угнетените класи на империјалистичката војна ќе одговореле со војна за ослободување и независност, за федерација на работничко-селски републики на Балканот.[125]

Во ноември 1932 година во Москва се одржал Меѓународен конгрес на „Црвената помош", со учество на 250 делегати. Димитар Влахов на конгресот учествувал како претставник на ВМРО(Об.).[126]

Едновремено со активноста во Меѓународните организации и постојаното учество на меѓународните и други собири, Влахов развил богата публицистичка дејност на актуелната македонска тематика и пошироката балканска проблематика. Вклучувајќи се во расправата по тогаш актуелизираното (со некои политички потези за југословенско-бугарско зближување) прашање: Интегрална Југославија или Балканска федерација, како можно решение на балканскиот проблем, Влахов бил категоричен во својата определба против првата, а за втората солуција. Според тогашното негово мислење Југославија можела да постои само како интегрална држава.[127] Не гледал можност за нејзино демократизирање и федерализирање. Пишувал дека балканскиот проблем можел да се реши кога сите балкански народи ќе се здобиеле со своја слобода, кога принципот на самоопределувањето ќе добиел вистинска примена на Балканскиот Полуостров и кога слободните балкански народи со свои конституирани национални републики ќе се здружеле во една моќна федерација. Таа и таква федерација можела да им обезбеди на сите народи рамноправен статус и еднакви услови за независен национален и културен развиток и ќе претставувала елемент на мирот и сигурноста на Балканот.[128] Создавањето на Балканската демократска федерација било можно само со ре-

122 „Македонско дело", 25.IX.1932.

123 Се однесува на двете балкански и Првата светска империјалистичка војна.

124 „Македонско дело", 25.IX.1932.

125 Истото.

126 „Македонско дело", 25.XII.1932.

127 Истата ја сметал за буржоаска империјалистичка државна творба.

128 Влахов, „Интегрална Югославия" или Балканска федерация. — „Македонско дело", 25.X.1932.

волуција, со масовна револуционерна борба на балканските народи.[129]

Во 1933 година, по доаѓањето на фашистите на власт во Германија и кога мировните организации времено ја запреле својата дејност, Влахов, поради опасноста да падне во рацете на берлинската полиција, бил приморан да бега од Германија. Заминал во Франција каде што имал врски со многу угледни прогресивни личности.[130] По пристигнувањето во Париз се вклучил во дејноста на француската Лига за заштита на правата на човекот и граѓанинот.[131] На конгресот на Лигата што истата година се одржал во Амиен, Влахов учествувал во својство на посматрач делегиран од Антифашистичкиот комитет.[132] За време на престојот во Франција Влахов од Коминтерната[133] бил поставен да раководи со балканските антифашистички друштва во таа земја. Бил избран за член на Организациониот комитет за подготовка на антифашистичкиот конгрес што истата година се одржал во Париз. На конгресот говорел од името на балканските национално ослободителни и револуционерни организации. Во тоа својство бил избран во раководното тело на Конгресот.

Кон крајот на 1933 година Влахов бил повикан во Москва. Во 1934 година Коминтерната го поставила на дневен ред македонското прашање. Влахов бил вклучен во расправата и учествувал во работата на Балканскиот секретаријат,[134] Извршниот комитет и пленумот на Коминтерната.

Извршниот комитет на Коминтерната, откако зазел став по македонското национално прашање и било признато постоењето на македонската нација, го задолжил Балканскиот комитет во таа смисла да подготви проект резолуција.[135] Влахов

---

[129] За тоа Влахов пишувал: „Без сомнение Балканската федерација ќе биде резултат на една масовна народна револуција“ (Влахов, Интегрална Югославия.., стр. 7). Развивајќи ја својата теза ги изнесува сите предности на таа солуција.

[130] Како: Анри Барбис, Жан Лонге, Гастои Бержери, Франсис де Пресансе, Луи Арагон и др. Во тоа време во Париз се концентрирала антифашистичката интелигенција од европските земји. Особено бројна била германската антифашистичка емиграција.

[131] Хуманитарна организација основана од познатиот француски публицист и општественик Франсис де Пресансе.

[132] Конгресот усвоил резолуција, што ја поднесол Димитар Влахов, во заштита на обвинетите во Лајпцишкиот процес во Германија на кој првообвинетиот бил Георги Димитров (Д. Влахов, Мемоари.., стр. 348).

[133] Коминтерната ја организирала и раководела со дејноста на антифашистичките организации и друштва и на Лигата против империјализмот. За да се одбегне паралелизмот во дејствувањето, по антифашистичкиот конгрес во Париз, одлучила да се формира единствена меѓународна организација, Светски конгрес против фашизмот и војната.

[134] Секција на Коминтерната.

[135] Резолуцијата на Коминтерната била публикувана во органот на ВМРО(Об) „Македонско дело“, под наслов: „Положбата во Македонија и задачите на ВМРО(Об)“. Во резолуцијата се потенцирал македонскиот национален карактер на ослободителното движење и дека ВМРО(Об) води борба за национално ослободување и обединување на македонскиот народ, под паролата за правото на македонскиот народ за национално самоопределување и создавање независна република („Македонско дело“, бр. 185, стр. 1934).

учествувал во нејзиното изработување, а на пленарното заседание говорел за македонското национално прашање во својство на претставник на ВМРО(Об.).[136]

На барање од Коминтерната Влахов се врати во Франција. Во Париз дејствувал како задграничен претставник на ВМРО (Об).[137] Продолжил со интензивна политичко-пропагандна дејност за натамошно актуелизирање на македонското прашање пред прогресивната европска општественост; на состаноците на телата и на собирите на прогресивните национални и меѓународните организации, како и преку француските и швајцарскот прогриесивен печат.

Меѓутоа, со натамошното засилување на фашистичката опасност и за самиот Советски Сојуз, балканските комунистички партии, во прв ред БКП, наметнале организациона промена и свртување во политиката на Коминтерната спрема македонското прашање и во односот спрема македонското национално ослободиделно и револуционерно движење. Била напуштена дотогашната ориентација кон разбивање на версајските граници на балканските држави и за создавање од обединета Македонија одделна политичка единица на Балканскиот Полуостров, што како рамноправен член ќе влезела во Федерацијата на балканските републики. Новото раководство на Коминтерната на чело со Ѓорѓи Димитров, избрано на Седмиот конгрес,[138] одлучило веднаш да го ликвидира самостојното македонско националноослободително и револуционерно движење. На Влахов во Париз му било соопштено дека се распушта ВМРО(Об.) при што немало ни збор за создавање Комунистичка партија на Македонија.[139] Со посебно писмо од Димитров на Влахов му било наредено да ја прекине активноста на координирање на дејноста на комитетите на ВМРО(Об.) во Македонија[140] и на македонските групи во странство, да го запре издавањето на весникот „Македонско дело"[141] и да се врати во Москва.

По пристигнувањето во Москва Влахов бил вклучен во органите на Коминтерната.

Врз основа на сето тоа што е претходно кажано може да се констатира дека Димитар Влахов во времето од 1924 до 1934

---

[136] Димитар Влахов, Мемоари.., стр. 357—358.

[137] Истото, стр. 362.

[138] Одржан во Москва во 1935 година.

[139] Што ќе ја предводела борбата на македонскиот народ за национално и социјално ослободување и за македонска национална држава. Во врска со тоа се поставува прашањето: Како дојде до тоа советското раководство да го жртвува самостојното македонско национално ослободително и револуционерно движење? На историската наука ѝ претстои целосно научно објективно да го осветли тоа прашање. Тоа ќе биде можно кога ќе стане достапна целокупната документација.

[140] Врски со Вардарскиот дел биле одржани преку Пенко Брашнаров, Тодор и Диме Зографски а со Егејскиот дел преку Неделко Поп Томов во Солун, посредно и со Андреја Патев (Д. Влахов, Мемоари.., стр. 362).

[141] Според соопштувањето на Димитар Влахов, Георги Димитров го забранил излегувањето и на бројот на весникот што веќе бил во печат и „бил набран во пеачтницата" (Д. Влахов, Мемоари.., стр. 364).

година се експонирал како водечка личност во македонското националноослободително и револуционерно движење. Имал примарна улога во процесот на обединувањето на различните струи и тенденции во македонското ослободително движење, во создавањето, организационото изградување и дејноста на ВМРО(Об.). Неговото непосредно лично ангажирање било од решавачко значење за поврзување на македонското национално ослободително движење со националноослободителните и револуционерни движења на Балканот, со Балканската комунистичка федерација и со Коминтерната, со работничките, селските и социјалните движења во европските земји и за здобиените симпатии и солидарност на сета прогресивна општественост.

Димитар Влахов го актуелизирал македонското прашање и го афирмирал македонското национално ослободително и револуционерно движење на меѓународните конгреси и конференции и во прогресивниот европски печат. За тоа покрај активната соработка со Меѓународните организации од не помало значење биле и неговите лични контакти со раководствата на националните прогресивно демократски и хуманитарни организации од европските земји, како и со поедини угледни личности: писатели, публицисти и научни работници. Како резултат на сето тоа прогресивната европска општественост се солидаризирала со праведната борба на македонскиот народ за слобода и национално самоопределување.

За волја на вистината треба да се потенцира дека Влахов, и покрај неспорните лични квалитети, толку богата и резултатска дејност не можел да постигне ако за сето време ја немал сестраната поддршка и помош од Коминтерната.

Mihajlo Minoski

## DIMITAR VLAHOV'S ACTIVITY FOR ESTABLISHMENT OF BETTER EXTERNEL RELATIONS OF THE MACEDONIAN NATIONAL LIBERATIONAL AND REVOLUTIONARY MOVEMENT BETWEEN 1924 AND 1934

Summary

Dimitar Vlahov from 1924 to 1934 grew as a political leader of the Macedonian national liberational and revolutionary movement. He had a primary role in the process of uniting of the different currents and tendencies in the Macedonain liberation movement, in creating, organizational building and activity of the IMRO (United). He worked actively in connection of the Macedonian national liberation movement with the other national liberation and revolutionary movements.

Dimitar Vlahov had made the Macedonian national liberation and revolutionary movement actuel, on the International congresses and conferences and in the progressive European press. His personal contacts with the leaderships of the national progressive democratic and humanitarian organisations from the European countries, as well as with some eminents personages, scientific workers, writers and publicists had a great importance as well. The progressive societies supported the right struggle of the Macedonian people for national self-determination, freedom and its own national state.